РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-3417/6
16 09 2022 год.
ВЕЛЕС

ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

**ЈАВЕН ПОВИК – ПОКАНА ЗА УЧЕСТВО**

**за манифестацијата Фестивал на велешка пита и вино „Питијада 2022“**

Општина Велес и оваа година традиционално ќе ја организира манифестацијата Фестивал на велешка пита и вино ***„Питијада 2022“*** за презентација на питата пастрмајлија и виното каде производителите на пекарски и алкохолни пијалоци односно угостителите и винариите ќе го промовираат сопственото производство.

**Питијадата ќе биде од изложбен и продажен карактер**.

Цел на манифестацијата е да се придонесе кон поголема афирмација и промоција на питата пастрмајлија, препознатлив велешки специјалитет, но истовремено ќе им се помогне на угостителите, винариите, малите и средните компании од прехрамбениот сектор, пред потенцијалните потрошувачи од Вардарски плански регион и Република Македонија, како и здруженија на сродни производители, стопански комори, ресорни министерства, амбасади, организации и фондации за поддршка на претприемништвото во Република Македонија, кои ќе бидат поканети да го посетат настанот.

Оваа година манифестацијата ќе се одржи во периодот од 07 до 09 Октомври со богата културно-уметничка и забавна програма.

Се повикуваат сите регистрирани правни лица со угостителска или пекарска дејност, винарии и регистрирани индивидуални пекарски производители, да се пријават за учество со доставување на пополнета пријава, затворена во плик, во архивата на Општина Велес со назнака „Питијада 2022”.

Контакт лица за дополнителни информации за манифестацијата можете да добиете на телефон: 043/232-406, локал 110

Во прилог, **Пријава за учество**

Градоначалник на Општина Велес

Марко Колев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ВЕЛЕС

*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Panko Brasnar No 1*
*1400 Veles, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*